Уп. бр. 08-37

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 став (1) точка 2) и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за концентрација поднесено од **ПХЦ Холдингс Цорпоратион** (со претходен назив: Панасониц Хеалтхцаре Цо. Лтд.), со седиште на адреса 2-38-5 Нишишимбаши, Минато-ку, 105-8433, Токио, Јапонија, доставено преку адвокат Јасмина Илиева Јовановиќ, од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, од Скопје на седница одржана на ден 03.04.2019 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Се утврдува дека концентрацијата со која **ПХЦ Холдингс Цорпоратион** (со претходен назив: Панасониц Хеалтхцаре Цо. Лтд.), со седиште на адреса 2-38-5 Нишишимбаши, Минато-ку, 105-8433, Токио, Јапонија, друштво кое е крајно контролирано од инвестиционите фондови управувани или советувани од страна на зависни друштва на ККР и Цо., Инц., со седиште на адреса 9 Вест 57ма улица, објект 4200, Њу Јорк, ЊЈ 10019, САД ќе го стекне одделот за анатомска патологија на Термо Фишер Сциентифиц Инц., со седиште на адреса 168 Трета авенија, 024561, Валтам, САД преку стекнување на 100%, од директното зависно друштво на Термо Фишер Сциентифиц Инц., друштвото **Катама Лтд.**, со седиште на адреса Интертруст Цорпорате Сервицес (Кајман) Лимитед, 190 Елгин Авенија, Џорџ Таун, КY1-9005, Голем Кајман, Кајмански Острови, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 04.03.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **ПХЦ Холдингс Цорпоратион** (со претходен назив:

Панасоник Хеалтхцаре Цо. Лтд.), со седиште на адреса 2-38-5 Нишишимбаши, Минато-ку, 105-8433, Токио, Јапонија, друштво кое е крајно контролирано од инвестиционите фондови управувани или советувани од страна на зависни друштва на ККР и Цо., Инц., со седиште на адреса 9 Вест 57ма улица, објект 4200, Њу Јорк, ЊЈ 10019, САД ќе го стекне одделот за анатомска патологија на Термо Фишер Сциентифиц Инц., со седиште на адреса 168 Трета авенија, 024561, Валтам, САД преку стекнување на 100% од директното зависно друштво на Термо Фишер Сциентифиц Инц., друштвото **Катама Лтд.**, со седиште на адреса Интертруст Цорпорате Сервицес (Кајман) Лимитед, 190 Елгин Авенија, Џорџ Таун, KY1-9005, Голем Кајман, Кајмански Острови. Имено Катама Лтд. ќе ги преземе во сопственост (директно или индиректно) сите средства и сите издадени и неисплатени капитални учества на секоја директна и индиректна подружница на Термо Фишер поврзана со Одделот за анатомска патологија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите го утврди следното:

**ПХЦ Холдингс Цорпоратион** развива, произведува продава здравствени уреди и услуги. Најмногу е активна во производство и продажба на материјали за испитување за дијабетес, и тоа уреди за мерење на шеќер во крв/системи за следење и поврзани потрошни материјали кои генерално се купуваат и користат директно од пациенти за следење на дијабетесот и другите животни болести. Друштвото исто така произведува лабораториска опрема како замрзнувачи/ладилници, инкубатори и автоклави за стерилизација. Во врска со животните науки, друштвото произведува опрема и услуги потребни за целосна презервација на примерокот и бактериската/клеточната култура како и одржување на чиста амбиентална средина. ПХЦ Холдингс Цорпоратион е крајно контролиран од ККР и Цо. Инц. САД.

**ККР и Цо.** Инц. САД е глобална инвестициска фирма која нуди широк спектар на алтернативни услуги за управување со средства за јавни и приватни инвеститори на пазарот и исто така обезбедува решенија за капиталните пазари за фирми, неговите портфолио друштва и клиенти. ККР и Цо. Инц. е присутен на пазарот во Република Македонија преку своите зависни друштва и тоа: **Тотал ТВ Скопје ДОО**, друштво со ограничена одговорност со адреса на ул. Даме Груев бр. 3, 1000 Скопје, Македонија, активна во дистрибуција на ТВ и радио канали преку сателит на потрошувачи во Македонија и потрошувачи од други држави во регионот (Србија, Црна Гора, Хрватска и др.), и **Директ Медиа ДООЕЛ Скопје**, друштво со ограничена одговорност со седиште на ул. Орце Николов 68-3, Скопје-Центар и регистрирана деловна дејност маркетинг и маркетинг услуги.

**Катама Лтд.** е ново основана компанија во Кајманските Острови која ги опфаќа бројните активности во полето на анатомска патологија, кои претходно го сочинувале Одделот за Анатомска Патологија на Термо Фишер. Катама Лтд. нема регистрирано зависни друштва, подружници или претставништва во Република Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став(1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Претседател**
**Д-р. Владимир Наумовски**